Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-355/5
07-06-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-355/1 од 3.4.2024 година, поднесена од од Скопје, со адреса на ул. , против Здружение на граѓани , со седиште на ул. , за сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 31.5.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на Здружение на граѓани кон и останатите граѓани од македонска етничка припадност.

## Образложение

На 3.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на од Скопје против Здружение на граѓани , за сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно наводите од претставката, се работи за видео поставено на Youtube каналот „ во кое гостин на подкастот, кој не е државјанин на Македонија, ширел говор на омраза кон Македонците, кон поединци и државата, нарекувајќи ги со навредливи зборови, притоа ширејќи лаги и невистинити податоци. Во текот на тие 3 часа и 20 минути, колку што траел подкастот, гостинот го понижувал македонскиот народ и Македонците со зборовите „измислена нација", „непостоечка нација", „простаци", па дури упатувал и лични навреди велејќи дека Македонците не ги познавале и почитувале своите предци. За државата зборувал дека била „најнедемократска држава во Европа", дека „шири омраза спрема сите соседни држави", дека „дискриминира Бугари" итн., без да наведе ниту еден пример за ова, освен што го споменал поединечниот инцидент со Пендиков. Дополнително омаловажувал и понижувал јавни личности и личности од науката од Македонија, обвинувајќи ги дека „прават фалсификати" и дека тие одлучуваат за Македонија наместо институциите. Дополнително, во врска со историски настани, ги осудил Македонците за судските процеси во Бугарија во 1945 и 1946 година, кога биле осудени и стрелани личности од царскиот режим, велејќи дека тие вршеле притисок врз тогашното комунистичко раководство на Бугарија да ги егзекутира тие личности. Последно, зборувал погрдно за секој пример на самоидентификација како Македонец, било тоа во Македонија, Бугарија или во дијаспората, при што наведувал примери за македонски иселеници во Австралија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.4.2024 година испрати Известување бр. 08-

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

355/3 за произнесување по наводите од претставката до Здружение на граѓани )

На ден 29.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Здружението како одговор на претставката, заведено под бр. 355/4.

Во одговорот наведуваат дека пријавеното правно лице Здружение на граѓани со одговорно лице претседател , во правниот промет нема никаква корелација со подкастот „ Оттука, велат дека Здружението нема пасивна легитимација за против истото да се води каква било постапка за изнесената содржина во претставката и воедно информираат дека Здружението не одговара за ставови и мислења изнесени на самиот подкаст.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Пријавениот подкаст за кој станува збор е објавен на Youtube каналот со наслов „ ", во кој гостин бил политичар од Бугарија. Подносителот на претставката се чувствува вознемирен од содржината на подкастот, каде се изнесувале навреди за македонската држава и Македонците како етничка заедница. Поконкретно, станува збор за изјавите како „измислена нација", „непостоечка нација", „простаци", „најнедемократска држава во Европа, која шири омраза спрема сите соседни држави и дискриминира Бугари" и слично.

Во однос на произнесувањето, во кое Здружението тврди дека нема пасивна легитимација да одговара за содржините изнесени во подкастот, Комисијата воочи дека еден од водителите на подкастот, , на импресумот на веб страната на Здружението ) е наведен како главен и одговорен уредник на порталот. Дополнително на веб страната се наоѓаат и повеќе објави кои го промовираат самиот подкаст. Покрај ова, вториот водител на подкастот, во објава на веб страната од 14.3.2022 година е претставен како креатор на подкастот, додека за Здружението врзува и емисијата емитувана на Youtube каналот на Здружението која е наведена како проект на порталот а чиј гостин е тој.
Оттука, Комисијата оцени дека Здружението има пасивна легитимација во конкретната постапка и може да одговара за содржините изнесени во подкастот.

Во оваа насока вознемирувањето, како облик на дискриминација, е дефинирано во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на застрашувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика".*

Во конкретниот случај, изјавите на гостинот на подкастот со кои тој пејоративно ги нарекол Македонците и македонската држава „измислена нација", „непостоечка нација", „простаци", „најнедемократска држава во Европа, која шири омраза спрема сите соседни држави и дискриминира Бугари" и слично, претставуваат навреди врз основа на етничка припадност преку кои се цели да се омаловажи на целата етничка заедница. Ваквиот говор како резултат имал

создавање на непријателска и понижувачка средина, што предизвикало вознемирување кај подносителот на претставката, кој е од македонска етничка припадност.

Водителите имале одговорност да ги модерираат изнесените содржини во подкастот па оттука, со фактот што тие, односно Здружението овозможиле платформа за изнесување на ваквите содржини и дополнително истите не ги отстраниле, ниту пак реагирале, тие сториле вознемирување врз основа на национална и етничка припадност.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди сторено вознемирување од страна на Здружение на граѓани ı кон ı и останатите граѓани од македонска етничка припадност.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Здружение на граѓани ı да упати јавно извинување за говорот изнесен во подкастот со кој е извршено вознемирување врз основа на етничка припадност. Извинувањето треба да го објави на својата веб страна во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Здружение на граѓани ı во иднина да се воздржи од објавување дискриминаторски и вознемирувачки содржини или содржини кои повикуваат, поттикнуваат или даваат инструкција за дискриминација врз било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
6.6.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Здружение на граѓани